**ОТВОРЕН ПОВИК ЗА ПОКАЖУВАЊЕ НА ИНТЕРЕС ЗА СКЛУЧУВАЊЕ НА РАМКОВЕН ДОГОВОР ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ РЕЗЕРВНА МОЌНОСТ И ИСПОРАКА НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**

**ОП. БР. 01/2024**

## 1. Предмет на отворениот повик

Се објавува отворен повик со кој АД ЕСМ-Скопје ги поканува сите заинтересирани страни да покажат интерес за склучување на Рамковен договор за обезбедување Резервна моќност и испорака на електрична енергија. Рамковниот договор претставува основа врз која се уредуваат меѓусебните права и обврски на договорните страни при обезбедување Резервна мкќност, продажба, испорака, купување на електрична енергија од активираната резервна моќност.

Доставување на документи до 05.12.2024 најкассно до 15:00 часот на следната електронска пошта : rezervna.moknost@elem.com.mk.

.

## 2. Дефиниции и кратенки

(1) Термините користени во овој отворен повик го имаат следното значење:

| | |
|---|---|
| **Рамковен договор (РД)** | Рамковен Договор за обезбедување Резервна моќност и испорака на електрична енергија склучен помеѓу Економскиот оператор и АД ЕСМ-Скопје. |
| **Економски оператор** | Производител или трговец или снабдувач на електрична енергија регистриран во согласност со законските прописи на Република Северна Македонија и кои поседува соодветна лиценца издадена од страна на Регулаторната комисија за енергетика и водни ресурси на Република Македонија, како и EIC код издаден од страна на АД МЕПСО. |
| **Квалификуван понудувач** | Понудувач кој има склучено Рамковен Договор со АД ЕСМ-Скопје. |
| **Отворен повик** | Овој документ се објавува на интернет страната на АД ЕСМ-Скопје. |
| **Обезбедување Резервна моќност и испорака на електрична енергија** | Постапка која ја спроведува АД ЕСМ-Скопје во согласност со Правила за обезбедување Резервна моќност и испорака на електрична енергија. |
| **Барање Понуда (БП)** | Документ во електронска форма кој е испратен од страна на АД ЕСМ-Скопје до сите квалификувани понудувачи преку електронска пошта во кој прецизно се утврдуваат условите според кои ќе биде спроведена постапката за обезбедување Резервна моќност и испорака на електрична енергија. |
| **Понуда** | Понуда за надомест за услуга за обезбедување Резервна моќност и испорака на електрична енергија (Service Fee) за бараната големина на активна моќност и испорака на електрична енергија во предметниот период доставена од страна на квалификуван понудувач.. |
| **Индивидуален договор** | Купопродажен договор помеѓу квалификуван понудувач и АД ЕСМ-Скопје со кој се утврдуваат комерцијалните услови за обезбедување Резервна моќност и испорака на електрична енергија. |
| **Корисник на услуга** | АД ЕСМ-Скопје, кој има право, согласно своите потреби да ја активира обезбедената Резервна моќност и ја превзема испорачаната електрична енергија од активираната резервна моќност согласно одредбите од Индивидуалниот договор и Рамковниот договор. |
| **Давател на услуга** | Квалификуван понудувач кој има обезбедено Резервна моќност и, на барање на Корисник на услуга истата ја активира и испорачува |

| | |
|---|---|
| | електрична енрегија согласно одредбите од Индивидуалниот договор и Рамковниот догопвор. |

### 3. Право на учество на Јавниот повик

Право на покажување на интерес за склучување на РД имаат сите заинтересирани производители, снабдувачи и трговци со електрична енергија од Република Северна Македонија кои се регистрирани во согласност со законските прописи на Република Северна Македонија и кои поседуваат соодветна лиценца издадена од страна на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија како и EIC код издаден од страна на АД МЕПСО

### 4. Документација за склучување на Рамковен договор

Покажувањето на интерес од страна на заинтересираните Понудувачи треба да ги содржи следните документи:

- Пријава за регистрација (Образец 1)
- Изјава за прифаќање на обврските и условите дефинирани во Правилата за обезбедување Резервна моќност и испорака на електрична енергија (Образец 2)
- Изјава заверена на нотар дека во последните 5 (пет) години не му била изречена правосилна пресуда за учество во злосторничка организација, корупција, измама или перење пари;
- Потврда дека не е отворена постапка за стечај од надлежен орган;
- Потврда дека не е отворена постапка за ликвидација од надлежен орган;
- Потврда за платени даноци, придонеси и други јавни давачки од надлежен орган од земјата каде Понудувачот е регистриран;
- Потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека не му е изречена споредна казна привремена или трајна забрана за вршење на одделна дејност;
- Потврда од Регистарот дека со правосилна пресуда не му е изречена прекршочна санкција - забрана за вршење на професија, дејност или должност, односно привремена забрана за вршење одделна дејност;
- Документ за лиценцирана дејност како доказ дека подносителот е регистриран како правно лице за вршење на дејноста поврзана со купопродажба на електрична енергија од надлежен орган;
- Тековна состојба издадена од надлежен орган;
- Извештај за билансот на состојба и податоци од билансот на успех;
- Известување од АД МЕПСО за одобрен и регистриран ENTSO-E идентификационен код (EIC);

Документите треба да бидат во согласност со законодавството и истите да не бидат постари од шест месеци.

АД ЕСМ-Скопје има право да побара информации директно од надлежните органи кои ги издале документите.

Обрасците Пријава и Изјава за прифаќање на обврските и условите може да се преземат од АД ЕСМ.

Економскиот Оператор ги поднесува Пријавата и Изјавата на официјален меморандум кај АД ЕСМ.

Пополнетите и потпишани обрасци, Пријава, Изјавата и Договор за обезбедување на Резервна моќност и испорака на електрична енергија, како и останатите документи Економскиот Оператор ги доставува до АД ЕСМ, на mail: rezervna.moknost@elem.com.mk и оригинал во архивата на АД ЕСМ-Скопје.

Пријавите за покажување на интерес за склучување на Рамковен Договор со непотполна документација нема да се сметаат за важечки се додека не се комплетираат.

АД ЕСМ-Скопје ќе го потпише Рамковен Договорот за обезбедување Резервна моќност и испорака на електрична енергија и ќе го испрати до Економскиот оператор по е-маил, со што Економскиот Оператор се стекнува со право на учество во процесот за обезбедување Резервна моќност и испорака на електрична енергија.

Оригиналните документи ќе бидат разменети по пошта.

Економскиот оператор, кој нема да достави комплетна и правилно пополнета документација и нема склучено Рамковен договор, нема да има право да учествува во процесите за обезбедување Резервна моќност и испорака на електрична енергија, објавени од страна на АД ЕСМ-Скопје, се додека не достави комплетна документација.

Доколку на одредени податоци доставени од страна на Економскиот оператор и назначени во Пријавата, во текот на календарската година, настанат статусни или други промени, потребно е Економскиот оператор да го извести АД ЕСМ-Скопје веднаш за настанатата промена и да достави нови полноважни документи.

Економските оператори можат да се пријават во било кое време од годината, со доставување на назначената документација.

АД ЕСМ-Скопје има право да не дозволи понатамошно учество во процесите за обезбедување Резервна моќност и испорака на електрична енергија на Економските оператори кои:

- Не ги почитуваат правилата и процедурите пропишани од страна на АД ЕСМ-Скопје, Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија, Правилата за пазар на електрична енергија, ENSO-E и ETSO во претходниот период.
- Не ги исполнуваат условите за вршење на дејност.

**5. Опис на процесот за обезбедување Резервна моќност и испорака на електрична енергија преку јавна објава**

АД ЕСМ-Скопје ќе обезбедува Резервна моќност и испорака на електрична енергија преку транспарентен, конкурентен и недискриминатроен процес. Овој процес е структуриран на следниот начин:

**А) Отворен повик за склучување на РД**

Овој документ.

**Б) Оценување и квалификација пред склучување на РД**

Оценувањето на Економските оператори кои покажуваат интерес за склучување на Рамковен Договор го вршат овластени лица од страна на АД ЕСМ-Скопје. Овластените лица по достава на документите од страна на Економските оператори а кои се наведени во точка 4 од овој отворен повик, вршат проверка дали доставените документи се важечки (не постари од 6 (шест) месеци), и дали се издадени од соодветни надлежни органи на Република Северна Македонија.

Овластените лица од АД ЕСМ-Скопје го информираат Економскиот оператор за комплетноста на документацијата и доколку истата е целосна го поканувaат да склучи Рамковен Договор.

Во спротивно, доколку доставената документација од економскиот оператор не е комплетна и целосна, истиот ќе биде информиран за недостатоците и за истиот процесот на квалификација ќе трае се до комплетирање на наведените документи.

**В) Склучување на Рамковен Договор**

Економските оператори кои имаат доставено целосна документација ќе склучат Рамковен договор за обезбедување Резервна моќност и испорака на електрична енергија со АД ЕСМ-Скопје и се стекнуваат со статус квалификуван понудувач

**Г) Учесници во процесот за обезбедување Резервна моќност и испорака на електрична енергија**

Учесници во процесот за обезбедување Резервна моќност и испорака на електрична енергија може да бидат Економски оператори, согласно Законот за енергетика и Правилата за пазар на електрична енергија кои што имаат склучено Рамковен договор за обезбедување Резервна моќност и испорака на електрична енергија а со АД ЕСМ-Скопје.

**Д) Барање на понуди (БП)**

АД ЕСМ-Скопје ги објавува големината на Резервната моќност, бројот на активации на Резрвната моќност и периодот на обезбедување на Резевна моќност и испорака на електрична енергија на интернет страната.

АД ЕСМ, согласно своите потреби, до сите Економски оператори со кои АД ЕСМ-Скопје има склучено Рамковен договор за обезбедување Резервна моќност и испорака на електрична енергија ќе достави БП преку електронска пошта и/или електронска веб платформа. Секое БП ќе содржи инструкции и правила за доставување на понуда од страна на Економскиот оператор. Економскиот оператор со доставување на неговата понуда во целост ги прифаќа правилата дефинирани во БП, и се обврзува да постапува по истите се до завршување на процесот за обезбедување Резервна моќност и испорака на електрична енергија и склучување на Индивидуален договор.

**Ѓ) Рангирање и избор на најповолен Понудувач**

Рангирањето на најповолен понудувач го вршат овластени лица од АД ЕСМ-Скопје преку евалуација на понудите по пат на "Листа на мериторно подредување". При процес на обезбедување Резервна моќност и испорака на електрична енергија Листата на мериторно подредување се формира со растечки редослед, така што, прворангирана е понудата со **најнизок надомест за услуга (Service Fee)**.

Надоместокот за услуга за обезбедување Резервна моќност и испорака на електрична енергија (Service Fee) се сметаат за примарен критериум за рангирање и избор на Понудите. Времето на прием на Понудите ќе биде земен како секундарен критериум, единствено доколку две или повеќе понуди се со ист надомест за услуга (Service Fee). Во таков случај предност ќе биде дадена на понудата со најрано регистрирано време на прием.

**Е) Објавување на резултатите и известување**

Објавувањето на резултатите од процесот за обезбедување Резервна моќност и испорака на електрична енергија се врши со испраќање на известување преку електронска пошта до сите Економски оператори кои земале учество во процесот на обезбедување Резервна моќност и испорака на електрична енергија и кои имале валидна понуда согласно инструкциите и правилата дефинирани во БП.

**Ж) Потпишување на Индивидуален договор**

Пред истекот на важноста на понудата, АД ЕСМ-Скопје ќе ги покани избраните најповолни Понудувачи да склучат Индивидуален договор. Во Индивидуалниот договор ќе бидат дефинирани правата и обврските помеѓу АД ЕСМ-Скопје и избраниот најповолен Понудувач.

**6. Останати одредби**

Сите трошоци настанати за Економскиот оператор во подготвувањето и испраќањето на документите во врска со овој отворен Јавен повик паѓаат на товар на Економскиот опеатор.

АД ЕСМ-Скопје ќе ги земе предвид само комплетните документи согласно Точка 4 од овој отворен Јавен повик.

Сите прашања во врска со овој отворен Јавен повик треба да бидат проследени во писмена форма на следната електронска пошта : rezervna.moknost@elem.com.mk